Д-р ГЛИГОР ТОДОРОВСКИ, Glasnik, 21/1, 1977 Üsküp

Vardar 210411
Bk -

# СЕЛСКОТО СТОПАНСТВО ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА ПО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ (1912—1915)

На 18 октомври 1912 година отпочна Првата балканска војна. Сојузените балкански буржоазии се наоѓаа во можност со војна да добијат делови од европска Турција, каде што живееја Македонци, Бугари, Срби, Грци, Албанци и други народности и етнички групи. Тие истовремено го поставуваа и барањето за „национално“ обединување како неодложна задача.[1] Со воените успеси на српската војска кај Куманово, Скопје, Прилеп и Битола, потоа и на бугарската на Тракискиот фронт, ѝ беше нанесен катастрофален пораз на турската војска. Со тоа европските владееења на Турција минаа во рацете на сојузените балкански држави. Притоа, треба да се истакне фактот дека заземањето на европскиот дел на Турција од страна на војските на Балканскиот сојуз беше така брз и убедлив, што тогашното европско јавно мислење беше мошне изненадено. Тоа беше и најдобра потврда за гнилоста на Отоманската империја, а од друга страна и доказ дека големиот антагонизам што постоеше меѓу тогашните големи сили по прашањето на турските владеења во европскиот дел беше една од претпоставките за отстојување на Империјата таква каква што таа беше. Сојузените војски на балканските држави ги решија долгогодишните натегања околу ова прашање мошне брзо и ефектно. Меѓутоа, спорот што настана за поделба на територијата, заземена од поразената Империја, претставувал и натаму значаен елемент во меѓусебните односи на балканските сојузници како и во дипломатските интервенции и сплетки на големите сили, особено на Австро-Унгарија и Русија.[2]

На 29 јуни 1913 година отпочна Втората, т. н. меѓусојузничка војна меѓу Бугарија, од една страна, и Србија, Црна Гора и Грција, од друга страна. Во војната, за реализирање на нивните територијални претензии, се замешаа Романија и Тур-

[1] Абаџиев, Ѓорѓи, *Балканските војни и Македонија*, Скопје, 1958, с. 12.

[2] Исто, с. 64.